# ЗА РЕСЕН
# ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомenete на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани сограѓани,

Да се биде кандидат за градоначалник на Општина Ресен од редовите на ВМРО-ДПМНЕ е привилегија, но и голема одговорност.

Во изминатиов период убеден сум дека успеавме да ги претставиме нашата програма и кандидатите за советници, од советничката листа на ВМРО-ДПМНЕ за Општина Ресен.

Верувам дека јас како кандидат за градоначалник, успеав да ја приближам мојата идеја и визија за развој, за успешен и просперитетен град и општина.

Лично верувам дека тимската работа носи најголем резултат. Затоа и на советничката листа се луѓе на кои им верувам, имаат капацитет и со кои можам да соработувам.

Сите проекти коишто ги предлагаме, во следниот период ќе бидат мој приоритет и моја цел.

На денот на изборите, секој од нас треба да донесе мудра и правилна одлука, на кого ќе го довери градот и општината во следните четири години. Вие секогаш знаете вистински да вреднувате и цените.

Преку одобрување и гласање за оваа програма, Вие сте тие што ќе одлучат во која насока ќе се движи и развива нашата Преспа.

Можам да ветам дека ќе останам силно посветен на реализација на стратешките проекти во насока на подобрување на животниот

стандард на граѓаните, развој на економијата, решавање на комуналните и инфраструктурните проблеми, промоција на нашата општина во културниот, забавниот и спортскиот живот, за доброто на сите.

Со цврста заложба за исполнување на оваа програма, ја бараме Вашата доверба.

На локалните избори се гласа за луѓе. Луѓе кои заедно со Вас ќе продолжат да ја градат нашата општина. Луѓе кои секогаш ќе бидат на страната на граѓаните, затоа што ние постоиме за Вас, граѓаните на Општина Ресен.

Искрено,

Јован Тозиевски.

**ВМРО ДПМНЕ** е партија за сите луѓе.

Во својата четиригодишна програма за локалните избори 2021 г. ќе се заложиме за остварување на нашата визија за Ресен и Преспа:

- Со чесна, посветена, транспарентна отчетна и стручна работа Ресен да стане развиена општина во која е подобрен животот на нејзините граѓани;
- Здрава и чиста Преспа со заштитено Преспанско Езеро;
- Модерно земјоделие со брендирано преспанско јаболко;
- Развиена локална економија со лесна и незагадувачка индустрија, одржлив туризам базиран на природното и културното наследство, атрактивна за домашните и странските инвеститори;
- Нулта толеранција и неселективна борба со криминалот и корупцијата.

Во својата Програма која ја поделивме на неколку поглавја, **ВМРО-ДПМНЕ** за град Ресен ќе вложи огромен труд, средства и човечки и интелектуален капацитет за развој на сите овие компоненти.

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА РЕСЕН

## ЈАБОЛКОТО ВО ЛАНЕЦОТ НА ЦИРКУЛАРНАТА ЕКОНОМИЈА

Изградба и отпочнување со работа на нови стопански комплекси за откуп, складирање, преработка и дистрибуција на земјоделски производи во соработка со новата Влада на РМ; приватни компании и донатори. Развој на индустрија базирана на јаболкото со здружување на локалните, националните ресурси, соработка со европски овоштарски региони и користење на светска експертиза унапредување на производството, преработка на јаболкото, негова подобра промоција и пласман;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт

**Рок на реализација:** 2024 година.

## НОВИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ПОСТОЕЧКИТЕ И НОВОИЗГРАДЕНАТА ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВО ПРЕСПА

Развој на постоечките индустриски и услужни капацитети и привлекување на нови инвестиции во индустриските зони ,,Преспатекс,, и ,,Макази,“ и правење на урбанистичко планска документација и изградба на нова индустриска зона на влезот од Ресен од страната на Битола (лесна незагадувачка индустрија, сервиси, услуги).

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2025 година.

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА ЛОКАЛНИОТ СОЦИО-ЕКОНОМСКИ СОВЕТ

Соработка со локални и надворешни експерти - од декларативна „про форма“ активности во осмислена перманентна работа: Консултирање и заедничка доработка на програмите кои ги подготвува и реализира локалната власт; Обновување на соработка со УНДП, и други донатори со креирање и реализација на самостојни и заеднички проекти. Далеку поактивна улога во проектите кои се реализираат во Преспа, а кои се премногу теоретски

без активности на терен и од кои Преспа има многу мала корист.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ИНВЕСТИТОРИ ВО ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ ВО ПРЕСПА

Во соработка со новата Влада на Република Македонија подготовка на урбанистичка и техничка документација, изградба и привлекување на инвеститори за Урбанистички план за надвор од населено место за изградба на ,,ФИНСКО СЕЛО" на м.в „МАРКОВА НОГА", ДОЛНО ДУПЕНИ, ОПШТИНА РЕСЕН, и во две туристички развојни зони во Преспа-Сирхан и Стење.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА НОВИ БУШОТИНИ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКАТА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА

Реализација на нови бушотини и реконструкција на општинската водоводна и канализациона мрежа, како и осовременување проширување и надградба на колекторскиот систем се клучни за подобрување на условите за живот во Општина Ресен, но и за зачувување на здравата животна средина како предуслов за понатамошен развој на туризмот во нашата општина.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Буџет на ЈКП ,,Пролетер," Ресен / меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТИШТА И ПЕШАЧКИ, ВЕЛОСИПЕДСКИ, МОТО И АДРЕНАЛИНСКИ ПАТЕКИ ОКОЛУ ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО

Изградба и реконструкција на патишта и пешачки, велосипедски, мото и адреналински патеки околу Преспанското Езеро.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## АДАПТАЦИЈА И ПРОФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ДЕПОНИЈА КАКО СТАНИЦА ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ОТПАД И ПРЕТОВАРНА ТРАНСФЕР СТАНИЦА

Унапредување на системот за управување со отпадот: реактивирање на компостарата и развој на преспански органски ѓубрива; селекција на отпадот и подготовка на локалната депонија во околината на село Златари во претоварна - трансфер станица за отпад кој ќе се носи на идната регионална депонија и собирна станица за селекција и рециклирање на отпад од хартија, пластика и метал, брикетара и пелетара; унапредување на расадничкото производство кај јавни и приватни субјекти на овошни, градинарски, хортикултурни производи, лековити, зачински и ароматични растенија.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Буџет на ЈКП „Пролетер," Ресен / меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ТУРИСТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРЕСПА, КРЕАТОР И РЕАЛИЗАТОР НА ЗАЕДНИЧКА ТУРИСТИЧКА ПОНУДА НА ПРЕСПА

Унапредена соработка на културните, туристичките субјекти, националните паркови како и туристичките, културните и еко инфо-центри во Преспа. Креирана нова туристичка понуда, поврзување на културното и природното богатство, туристичка тура од зградата Сарај до островот Голем Град со велосипеди и пловни средства - еколошки езерски сообраќај со пристаништа прилагодливи на промената на нивото на Преспанското Езеро.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / буџет на општина.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ДОНЕСУВАЊЕ, АЖУРИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОВИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО УПРАВУВАЊЕ СО СПОМЕНИКОТ НА ПРИРОДАТА - ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО И ПАРКОТ НА ПРИРОДАТА ЕЗЕРЕНИ

Донесување, ажурирање и спроведување на повеќе планови, стратегии и започнати проекти и активности кои оваа власт ги запостави и ги спроведува минимално, само декларативно или ги замре со конкретни проекти на терен, со решавање и ублажување

на локалните еколошки проблеми меѓу кои и проблемот со водостојот на Преспанското Езеро и аерозагадувањето.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПОДДРШКА ЗА ИЗГРАДБА НА СОЦИЈАЛНИ СТАНОВИ ЗА МЛАДИ БРАЧНИ ПАРОВИ И СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ЛИЦА

Изградба на социјални станови за млади брачни парови и социјално загрозени лица е во надлежност на државните органи и институции, но Општина Ресен ќе биде активен иницијатор и поддржувач на проектите кои ќе обезбедат подобри услови за живот на нашите млади сограѓани, но и на лицата кои се во категориите на социјално загрозени лица.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2025 година.



# 3. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

## ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

### ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Унапредување на работата на локалниот социо-економски совет и соработка со локални и надворешни експерти - од декларативна „про-форма", активности во осмислена перманентна работа на доработка на локалните програми и проекти за локален економски развој. На предлог од ова тело формирање на локален иновациски фонд за млади претприемачи, Програма за функционирање на Преспа како овоштарски регион по примерот на добри европски пракси.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

### ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВОДЕЊЕ НА БИЗНИС И ПОДДРШКА НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Преку создавање на услови за локален економски развој ќе овозможиме севкупен развој на Преспа, намалување на невработеноста и подобрување на животниот стандард на граѓаните на Преспа. Програмата за поддршка на локалниот економски развој ќе ја подготвуваме врз основа на новата Стратегијата за одржлив локален економски развој која ќе ја донесеме во 2022 година со непосредно учество на бизнис заедницата и граѓанското општество.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА Р.М. НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА РЕСЕН

За да може да се врши оттуѓување или давање под закуп на градежното земјиште ќе изработиме мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото. Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење. Програмата предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште: 1. За индивидуално домување 2. Лесна индустрија 3. Комерцијални објекти 4. Хотелски комплекси.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ТРИГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ 2022-2025 ГОДИНА

Оваа програма се состои од капитални инвестиции во областите: изградба на објекти, водоснабдување, канализација, изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патишта и улици и чистење на речните корита.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Програма за уредување на градежното земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Ресен

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРОМОЦИЈА И ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА ИНДУСТРИСКИТЕ РАЗВОЈНИ ЗОНИ „МАКАЗИ“ И „ПРЕПАТЕКС“

Промоција и осовременување на Индустриските развојни зони „Макази“ „Преспатекс“.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2022 - 2024 година.

## КРЕИРАЊЕ НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ПОЧЕТОК СО УРЕДУВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ РАЗВОЈНИ ЗОНИ СТЕЊЕ И СИРХАН

Соработка со владата-секторот за туризам за креирање на планска документација и почеток со уредување и промоција на двете туристички развојни зони – Стење и Сирхан.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ПОДГОТОВКА НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ИЗГРАДБА НА НОВА ИНДУСТРИСКА ЗОНА НА ВЛЕЗОТ ОД РЕСЕН ОД СТРАНАТА НА БИТОЛА

Правење на урбанистичко планска документација и изградба на нова индустриска зона на влезот од Ресен од страната на Битола (лесна незагадувачка индустрија, сервиси и услуги).

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ МИКРОПРОЕКТИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## КРЕИРАЊЕ НА НОВИ ПРОЕКТИ, АПЛИЦИРАЊЕ КАЈ РАЗЛИЧНИ ДОНАТОРИ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СОПСТВЕНО УЧЕСТВО ОД ЈАВНИ И ПРИВАТНИ СУБЈЕКТИ

Креирање на нови проекти и обезбедување на средства од општински јавни и приватни субјекти за сопствено учество во имплементација на проекти со посебен акцент на: ИПА фондовите, Агенција за поддршка на руралниот развој, Фондот за иновации, регионални проекти во рамките на Пелагонисиот Плански Регион, проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации,

фондови, амбасади и други, за меѓуопштинска соработка и микрорегионални проекти.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## ПОДДРШКА НА ТЕЛАТА НА ПРЕСПА ПАРКОТ И АКТИВНО УЧЕСТВО ВО КРЕИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ПРЕКУГРАНИЧНО ЗНАЧЕЊЕ

Поддршка на телата на Преспа Парк проектот, и активно учество во креирање на проекти од прекугранично значење, се со цел заштита на водите на Преспанското Езеро и институционализација на прекуграничното управување со истиот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022-2025 година.

## ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ НА ПРЕСПА И ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ

ќе го опфаќа следното:

- Конкретна соработка со националните институции за привлекување на странски инвестиции со детална програма за потенцијалите на Преспа;
- Поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и претприемништво со изнаоѓање стимулативни мерки за отварање на нови МСП, но исто така ќе им се даде поддршка на постоечките претпријатија во Општина Ресен во нивните напори да најдат нови пазари и да ја подобрат својата конкурентност, со што ќе се даде придонес во развојот на локалната економија, отварањето на нови работни места и намалување на невработеноста во Општина Ресен;
- Заедничка промоција и маркетинг (заедничко општинско настапување и учество на саеми и други форми на презентација на општината и стопанство );
- Обуки за подигнување на вештини и знаење (организирање на обуки за информирање, едуцирање, доквалификација или преквалификација на човечките ресури во стопанство); Анкета на бизнис клима и формирање на база на податоци и мапирање на преспанското стопанство. Преку оваа анкета по пат на избор на

проектен консултант ке се добијат ажурирани податоци за мапирање на стопанство.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ЗАНАЕТЧИСТВОТО И МАЛИТЕ ЛОКАЛНИ БИЗНИСИ

- Програмата ќе го содржи следното:
  - Потикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија согласно препораките на ЕУ и законската регулатива. Отпочнување на процесот за идентификација на локалните производи, услуги и информативно-консултативни и едукативни работилници со индивидуални земјоделци и локални производители. Врз база на ваквите подготвителни активности ќе се финансираат локални микро проекти за локално брендирање на производи и услуги;
  - Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој;
  - Поддршка на проекти и програми поврзани со традиционалните занаети;
  - Поддршка на проекти и програми поврзани со инфраструктурни планови, уредување на туристички и излетнички локалитети во руралните области.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 4. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – SMART CITY

Дигитализација на услугите на општините за поголема ефикасност и ефективност. Наш приоритет ќе биде финансирање на проекти во оваа област со кои ќе постигнеме поголема едукација на вработените во јавните институции и граѓаните за работа со компјутер и други информатички вештини.

## ДИГИТАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Проширување на опфатот на бесплатно достапен јавен wifi, проширување на оптичката мрежа: Wifi зони во туристичките локалитети; Wifi во централното градско подачје; Wifi во руралните средини; Електронски мапи на територијата на општина Ресен.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ - ДИГИТАЛНА ОПШТИНА

Ќе продолжиме со воведувањето на ИТ во работата на локалната самоуправа за поефикасно услужување на граѓаните со претходна ИТ дообука на вработените во локалната самоуправа (замена на хартиени со електронски документи; електронска наплата на даноци и други давачки; електронски информативен систем за услугите што ги нуди општината, осовременување на веб-страната на општина Ресен, профункционирање на мобилни апликации; промоција и развој на ГИС технологијата во општина Ресен и можноста да ја користат граѓаните; информирање на граѓаните за можноста од партиципативно учество во креирање на политики, давање предлози и поплаки...)

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ЕЛЕКТРОНСКО ПРИЈАВУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИ ПРОБЛЕМИ

Веб-апликација за пријавување на комунални проблеми поврзани со општинските услуги. Системот ќе овозможи во секое време од денот да се пријавуваат проблеми од типот улици и патишта, улично осветлување, градби, кучиња скитници, водовод и канализација, јавно зеленило итн.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА УНИФИЦИРАН ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ OPEN DATA SYSTEM ЗА УПРАВУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

Со овој систем, ќе постигнеме потранспарентен пристап на следење на секој документ кој се поднесува во општинската архива и секој граѓанин ќе има увид кој документ, до која фаза и кај кој вработен се наоѓа.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## БЕСПЛАТНИ ИНФОРМАТИЧКИ КУРСЕВИ ЗА РАНЛИВИ ГРУПИ НАСЕЛЕНИЕ

Во соработка со релевантни информатички претпријатија и Заводот за вработување и Интернет одделението, организирање на бесплатни курсеви за ранливи групи население.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 5. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТРУКТУРА

Модерна и инфраструктурно поврзана општина е предуслов за економски развој, но и за подигнување на животниот стандард на граѓаните. Пристапноста и достапноста до секој еден дом, ќе биде наша обврска.

## 5.1. РЕГИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРНА ПОВРЗАНОСТ

### СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ОДГОВОРНИ ЗА РЕГИОНАЛНА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОВРЗАНОСТ:

- Изградба на обиколница околу градот Ресен;
- Уредување на делови за одмор, паркинзи, видиковци на регионални патни правци околу Ресен.;
- Иницијатива за забрзување на поврзаноста со грчка Преспа, граничен премин на Маркова Нога село Д. Дупени.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## 5.2. УРБАНА ИНФРАСТРУКТУРА

Наша програмска определба, должност и обврска во оваа област е безбедноста на сите учесници во сообраќајот. Подобрување на патната сигнализација и зголемување на нивото на сообраќајна култура на сите учесници во сообраќајот се наши приоритети. Со општински средства, државна помош и донации ќе инвестираме во подобрување на локалната патна и велосипедска инфраструктура, градење на места за рекреација и подобрување на локалниот јавен превоз – функционален и еколошки јавен превоз.

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА „ИЛИНДЕНСКА“

Реконструкција на улица „Илинденска“, со цел осовременување на патната инфраструктура.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ➤ АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦАТА „БОРИС КИДРИЧ“

Асфалтирање на улица „Борис Кидрич“ и нејзино ставање во функција за безбеден транспорт.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## 5.3. САНАЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО 30 СЕЛСКИ НАСЕЛБИ

Санација на Полски патишта во 30 селски населби.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

### ➤ РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО НЕДОСТАТОКОТ НА ПАРКИНГ МЕСТА ВО РЕСЕН

Решавање на проблемот со паркинзи низ градот (планска документација и изведба).

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

### ➤ АСФАЛТИРАЊЕ НА 20 СЕЛСКИ УЛИЦИ

Асфалтирање на 20 селските улици и патишта.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2025 година.

### ➤ СТАВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ЛИНИСКИОТ ПРЕВОЗ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Избор на локален превозник и ставање во функција на линискиот превоз до руралните средини.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината .

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ➤ РЕГУЛИРАЊЕ НА ТАКСИ ПРЕВОЗОТ

Регулирање на такси превозот во општина Ресен.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПАТОТ ДО СОУ „ЦАР САМОИЛ„ РЕСЕН

Осветлување на патот до СОУ „Цар Самоил“ во Ресен.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ВОЗИЛА ЗА ПРЕВОЗ НА УЧЕНИЦИ И НАСТАВНИЦИ

Обезбедување на возила за превоз на учениците и наставниците.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Меѓународни финансиски институции

**Рок на реализација:** 2024 година.


LOUNGE
ENTRY

# 6. УРБАНИЗАМ

## ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

- Изработка на урбанистичко планска документација за крајбрежјето на Преспанско Езеро;
- Генерален урбанистички план за УЕ3 и УЕ5, за град Ресен;
- Детални урбанистички планови за УЕ1, УЕ3 и УЕ5;
- Проширување на ГУП и донесување на ДУП;
- Изработка на УПС за повеќе од 30 населби. Асфалтирање на локални улички во село Древено.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.



# 7. КОМУНАЛНИ РАБОТИ

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА

Реконструкција на постојната водоводна мрежа и изградба на нова таму каде што не постои. Приоритет е реконструкција на градскиот водовод, замена на азбестните цевки кои оваа локална власт целосно ги запостави.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## РЕШАВАЊЕ НА НЕДОСТАТОКОТ НА ВОДА

Решавање на недостатокот на вода со комбинација од конкретни зафати:

- градење и експлоатација на нови два бунари;
- заштеда на вода со иновативни практики: автоматска регулација на протокот на вода и искористување на загубената вода која напразно истекува во ноќните часови, довршување на проектот за откривање на дефекти во водоводниот систем;
- градење на нов резервоар за вода, воведување на прецизни водомери, зафаќање на неприходованата вода;
- довршување со приклучување на новата водоводна мрежа на улиците, кои оваа власт комплетно ги запостави, но и непотребно и со загуби се снабдуваат граѓаните истовремено и со новиот и со стариот водоводен систем (воглавно со азбестни цевки).

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ВОДОСНАБДУВАЊЕТО ВО ТУРИСТИЧКИТЕ МЕСТА ПРЕОТОР, СТЕЊЕ И КОЊСКО

Во рамките на капиталните инвестиции за изградба на системи за водоснабдување планирано е следното: решавање на проблемот со водоснабдување во Туристичката населба Претор и околните села, Стење, Коњско.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ДОВРШУВАЊЕ НА ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО СЕЛО ДРМЕНИ

Дрмени – доизградба на фекална канализација.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ СО ПРЕЧИСТИТЕЛНИ СТАНИЦИ ВО ТУРИСТИЧКИТЕ ЛОКАЛИТЕТИ КРАНИ, СЛИВНИЦА, ПРЕТОР, ОТЕШЕВО И СТЕЊЕ

Изградба на канализациони системи со пречистителни станици во туристичките локалитети: Крани, Сливница, Претор, Отешево, Стење.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ ВО 10 СЕЛА

Изградба на канализациони системи (вклучувајќи и пречистителни станици каде има потреба) во населените места: с. Крани; с. Арвати; с. Брајчино; с.Љубојно; с. Наколец; с. Долно Дупени; с.Грнчари; с. Подмочани; с.Јанковец и с.Стење.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА НА УЛИЦА „ОБИКОЛНА“ ВО РЕСЕН

Изградба на канализациона мрежа на улица „Обиколна“ во Ресен.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКО-ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА РЕСЕН-ЦАРЕВ ДВОР-ОТЕШЕВО ПРВА ФАЗА

Изградба на пешачко - велосипедска патека Ресен- с.Царев Двор-Отешево -I фаза.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКО-ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА ОТЕШЕВО-СТЕЊЕ ВТОРА ФАЗА

Изградба на пешачко - велосипедска патека Отешево-Стење, II фаза.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКО – ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА КРАНИ-ШТРБОВО-НАКОЛЕЦ-ДОЛНО ДУПЕНИ

Изградба на пешачко-велосипедска патека с. Крани; с. Штрбово; с. Наколец; с. Долно Дупени; на крајбрежјето на Преспанското Езеро.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ИЗГРАДБА НА ПЕШЕЧКО-ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА ВО ПОДНОЖЈЕТО НА БАБА ПЛАНИНА СО ПОВРЗУВАЊЕ НА МАНАСТИРСКИ КОМПЛЕКСИ

Изградба на пешачко-велосипедска патека во подножјето на Баба Планина поврзувајќи ги манастирските комплекси од с. Подмочани до с. Долно Дупени и тоа: Св Петка, Св. Петар и Павле (Подмочани), Св. Илија (Грнчари), Св. Ѓорѓија (Курбиново), Св. Богородица (Сливница), Св. Богородица (Арвати), Св. Атанас (Штрбово), Св. Петка (Брајчино), Св. Петар и Павле (Љубојно), Св. Богородица (Долно Дупени). Асвалтирање или поплочување со бекатон на остатокот од споредните улички кои се сè уште со земјен слој.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

### РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ СО КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО

Реконструкција и санација на Дом на културата „Драги Тозија“, Ресен: со профункционирање на сувенирница, спомен соба на Нијази-Беј, интегрирање на Ресенската керамичка колонија во културната понуда на Преспа и Сарајот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

### ИЗВЕДБА НА ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПЛОШТАД „ЦАР САМОИЛ“ И УЛИЦА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ РЕСЕН

Изведба на партерно уредување во град Ресен на плоштад Цар Самоил и улица „Гоце Делчев“.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ

Наша цел е ставање крај на урбанистичкото дивеење во Општина Ресен и ефикасна борба со урбаната мафија. За таа цел Општина Ресен ќе обезбеди поголемо ангажирање на локалниот урбанистички инспектор, со цел навремено и ефикасно справување со овие девијантни појави.

Паралелно со ова ќе креираме нов одржлив концепт на урбанизација и домување со користење на најновите трендови и примери на добра пракса. Ќе воведеме и стимулираме „зелена“ инфраструктура на јавни објекти и градскиот парк (вертикални зелени ѕидови, зелени покриви, нови хортикултурно уредени простори за рекреација и одмор, практична примена на обновливите извори на енергија во урбаното и руралното живеење)...

Менувањето на режимот на сообраќај за да се намали сообраќајот на одредени сообраќајници како и организација и зголемување на капацитетот на паркинг просторот, особено во летниот период, се прашања кои треба итно да ги решиме.

### ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ ПАРК ВО НАСЕЛБА „ПРОЛЕТ“ ВО РЕСЕН

Изградба на детски парк во населба Пролет;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ИЗГРАДБА НА ТОАЛЕТИ И ПАРКИНГ НА ГРАДСКИОТ ПАЗАР

Градски пазар - Изградба на тоалети.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## САНАЦИЈА НА КАНДЕЛАБРИТЕ ВО ЦЕНТАРОТ

Санација на Канделабрите во центарот на градот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПОКРИВАЊЕ НА КАНАЛОТ НА УЛИЦА „БОРИС КИДРИЧ“ ВО РЕСЕН

Покривање на каналот на улица „Борис Кидрич“

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**рок на реализација:** 2022 година.

## ИЗГРАДБА НА НОВИ СИЈАЛИЧНИ МЕСТА ВО СЕЛАТА КАДЕ ШТО НЕМА ОСВЕТЛУВАЊЕ

Континуирано поставување на нови сијалични места на територијата на Општина Пробиштип, како и со редовна замена на постојните светилки.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.





# 8. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

Проектите имаат за цел да ги подобрат просторните услови во училиштата со што би се допрнело за обезбедување на квалитетна настава и креирање на можности за унапредување на воспитно-образовниот процес, создавање на млади кадри кои ќе бидат конкуренти на пазарот на трудот и развој на здрава психофизичка личност кои се основните приоритети на локалната самоуправа во областа на образованието.

## МОДЕРНА ОБРАЗОВНА ИНФРАСТРУКТУРА И СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ ЗА УЧЕЊЕ

Со општински средства и донации ќе ги модернизираме петте основни и средното училиште во Преспа и ќе настојуваме да ги приближиме кон ЕУ стандардите за квалитетни услови за учење. Посебен акцент ќе ставиме врз осовременување на кабинетите и практичната настава.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА РЕДОВНАТА, ПРОЕКТНАТА И ВОННАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Проект за унапредување на редовната, проектната и воннаставната програма Со учење низ работа, едукативни екскурзии и истражување запознавајќи го подобро родниот крај можностите и заканите. Притоа ќе користиме ресурси на Националните паркови, Пелистер и Галичица, инфо-центрите во Општина Ресен, опитно демонстративниот насад, Мониторинг станицата во село Стење.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Проект за почетно воведување на дуално образование. Во соработка со бизнис секторот од Преспа и Бирото за развој на образованието ќе почнеме со воведување на дуално образование на учениците за дефицитарните струки потребни на преспанското стопанство.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ДВОРОВИ НА ПЕТТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО ПРЕСПА

Проект за уредување на училишните дворови во петте основни училишта во Преспа хортикултурно уредување, реквизити и клупи за одмор. Поддршка во формирање на ученички задруги кои ќе бидат одговорни за подигнување на училишни градини со хортикултурни растенија, градинарски, овошни култури, лековити, зачински и ароматични растенија и отворање кујни со здрава храна.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

Во соработка со бизнис секторот и донатори ќе обезбедиме стипендии за ученици и студенти од социјално загрозените семејства и надарени ученици и студенти.

Подготовка, обучување и почеток со работа на реално туристичко претпријатие во С.О.У. „Цар Самоил“ Ресен. Со иновативно искористување на извонредните ресурси на Преспа ќе практикуваме научен, волонтерски, младински, еко, агро-туризам во Преспа со активно вклучување на младите и нивно насочување кон здрав живот, социјализација и активно учество во општествениот живот.

Набавка на електронски табли во секоја училница.

Збогатување на училишните библиотеки со лектири, литература за вредностите на Преспа, други корисни книги, речници, енциклопедии и слично.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ИНВЕСТИЦИИ ВО НАСТАВНИОТ КАДАР

Преку обуки и практични проекти ќе овозможиме доедукација, профилирање на наставниот кадар и негово вмрежување со

граѓанските организации и другите субјектите кои реализираат воннаставни активности, настава во природа, проектна настава и истражувања.

Наставниот кадар и учениците ќе бидат активно вклучени во креирање на проекти од Еразмус и сродните програми, програмите на Фондот за иновации, вмрежување со училишта од земјите на ЕУ.

Ќе ја унапредиме соработката на наставниот кадар со бизнис секторот, туристичките субјекти, земјоделците и занаетчиите со помагање на стажирање, волонтирање и други начини на вклучување на учениците и наставниот кадар. На располагање на наставниот кадар ќе му го овозможиме богатиот фонд од реализирани проекти, студии, планови, резултати од истражувања, стручна литература за севкупните вредности на Преспа.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2024 година.



# 9. ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Со цел поголема афирмација на општината преку промоција на нашите позитивни вредности во меѓународни рамки, но исто така и пристапот на размена на искуства преку продолжување и проширување на соработката со општини од соседните европски земји, можеме да ја приближиме општина Ресен до нивниот животен стандард, а со тоа и да го подобриме Локалниот економски развој.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ПРАКТИКИ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ

Овој проект го содржи следниот сет на активности:

- За заживување на невладиниот сектор ќе организираме тематски работни средби со граѓанските организации од Преспа со кои ќе ја унапредиме соработката на општината со невладините организации кои имаат огромен потенцијал за креирање и спроведување на проекти;
- Лобирање кон централната власт за искористување на државните фондови и во координирање со централната власт за тековни и идни проекти во Преспа преку разни донатори, ревидирање на односот со Пелагониско-планскиот регион, вклучување на нивни кадри во креирање и аплицирање со проекти;
- Организирање на специјализирани обуки со кои ќе ги јакнеме капацитетите на граѓанските организации, јавниот сектор и бизнис секторот со цел аплицирање на ЕУ проекти и интензивирање на соработка со ЕУ преку воспоставување на соработка со ЕУ локални информативни центри;
- Зајакнување на капацитетот на Локалната акциона група ПРЕСПА и соработка со ЛОКАЛНИ АКЦИОНИ ГРУПИ од ЕУ со што ќе отвориме можност за аплицирање во ЛИДЕР програмата на ЕУ;
- Вклучување на Невладините организации во организација на работата на инфо- центрите во Преспа, Мониторинг станицата во село Стење, соработка со локалното туристичко биро и понудувачите на туристички услуги од Преспа;
- Перманентна соработка со Граѓанскиот сектор од Преспа кој ќе добие можност да ги предводи активностите на Општина Ресен (заедно со јавниот и бизнис секторот) во креирање, аплицирање и

имплементирање на проекти по моделот од Полска како најуспешен корисник на донаторски средства од програмите на ЕУ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ОПШТИНИ ОД ЕУ

Општина Ресен поактивно ќе учествува и ќе го дава својот допринос во тековните проекти поврзани со Преспа Парк, и други прекугранични проекти преку следниве активности:

Подигнување на нивото на соработка помеѓу соседните општини Ресен, Преспа (Р. Грција) и Пустец (Р. Албанија), преку зачестени советодавни средби пред се на полето на животна средина и во заедничко аплицирање во ИПА програмите за меѓугранична соработка конкурирање со заеднички проекти;

- Креирање на Стратегија за прекуграничен регион Преспа - Корча како пилот проект од Европската Комисија;
- Интензивирање на соработката со збратимените и пријателски општини: Јабука, Искасентгјорг Р. Унгарија; Текирдаг Р.Турција; Општина Шарнхорст, Дортмунд – Германија.
- Подготовка на проекти преку локален економски развој. Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во Одделението за локален економски развој е најдиректно поврзано со степенот на нивната обучност и стручност. Бидејќи се работи за сложена и комплексна проблематика согласно европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во одделението за ЛЕР. Ќе реализираме програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси преку: учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции; превод на стручна литература; консултантски услуги за специфични проектни активности со користење на надворешна експертска помош.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 10. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Заштитата и унапредувањето на животната средина и природата е едно од основните права, но и обврски на граѓаните на Република Македонија. Заштитата на животната средина претставува еден од врвните приоритети со кои сакаме да постигнеме не само заштита на природата, туку пред сè одржливо користење на природните ресурси на Македонија и одржлив економски развој.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА КОНЦЕПТ НА ЗЕЛЕНА И ЧИСТА ОПШТИНА

Здрава животна средина, здрави граѓани. Наша цел е одржување и унапредување на чистата вода, воздух и почва, како и одржлив развој на еко-системот во Преспа. Спроведувњае на сеопфатни мерки во повеќе сектори да се подобри еколошкиот статус на Преспанското Езеро, да се зајакне неговата отпорност на влијанијата на човекот и да се воведе контрола на процесите на еутрофикација и загадување. Доследна примена на Законот за јавна чистота е обврска на локалната администрација, комуналното претпријатие и инспекторите за животна средина.

## ДОНЕСУВЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДВЕ СТРАТЕГИИ И ТРИ ПЛАНОВИ

- Плановите за управување и паркот на природата „Езерани" и споменикот на природата Преспанското Езеро со конкретни проекти на терен со решавање и ублажување на локалните еколошки проблеми меѓу кои и проблемот со водостојот на Преспанското Езеро.
- Во соработка со новата Влада на РМ и УНДП и други донатори искористување на изработениот План за управување со сливот на Преспанското Езеро. Овој план содржи конкретни проекти на терен и е прв сеопфатен план, документ изработен од Република Македонија согласно новите директиви за води на ЕУ. Содржи и детални хидрогеолошки истражувања (подземни води-изворски и проточни води по подземните раседи) во сливот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финан-

сиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ЧИСТЕЊЕ И ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА ЗАТРУПАНАТА ОПШТИНСКА ДЕПОНИЈА ВО СОВРЕМЕН РЕЦИКЛАЖЕН ЦЕНТАР СО ПРЕТОВАРНА СТАНИЦА

Со овој проект локалната нестандардна депонија од обично ѓубриште ќе прерасне во субјект во чиј склоп ќе функционира:

- компостарата која иако има извонредни услови и опрема не работи 4 години;
- брикетара, пелетара;
- систем за селекција и рециклирање на хартија, најлон, пластика, метал и стакло; -враќање во употреба на системот за довод на електрична енергија и бунарскиот систем;
- системот за мерење на количините на донесен и рециклиран отпад со постоечката отфрлена вага;
- рехабилитација на системот за добивање на течно органско ѓубриво.

Сето ова е во корелација со националните, регионалните, локалните планови и стратегии и фокусот на финансирање од донаторите. Еден дел од овие проекти ги предвидуваме како додатни дејности на претпријатиeто регистрирано од Општина Ресен и ЈКП ,,Пролетер,“ кое не функционира веќе 4 години ,,Био Преском“ Ресен.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## АЖУРИРАЊЕ НА ДВА ИПА ПРОЕКТИ ЗА МЕЃУГРАНИЧНА СОРАБОТКА СО РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА

Овие проекти на чуден необјаснив начин беа запрени, забавени и пренаменети, а кои комплетно ги изработи и доби на конкурсот за проекти со партнери од Грција поранешното општинско раководство во соработка со ЈКП „Пролетер“ Ресен:

- унапредување на работата на компостарата со нови машини, суровини и технологии за добивање на квалитетни органски ѓубрива, нивно тестирање со експертска помош во земјоделството, хортикултурата, уредување на јавни простори, заштита од ерозија и

други дејности; прва македонска брикетара со производство на брикети од органски отпад кои ќе се користат во јавни објекти со додатни машини и пловни средства за управување со милта и трската на локации каде е дозволено и се препорачува за управување;

- иновативен проект воден од врвни македонски и грчки експерти за управување со водоводниот систем, заштеда на загуби на вода, подобро искористување на неискористените води и намалување на недостатокот на вода во летните периоди.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНАТА СТАНИЦА ВО СЕЛО ЕЗЕРЕНИ

На Пречистителна станица во село Езерени која е во исправна состојба ѝ е потребно осовременување, проширување и надградба на колекторскиот систем; Ќе се воведат иновативни и понапредни технологии со што покрај прочистување на водите од канализација на градот Ресен и дел од селските населби, треба да се прочистуваат и индустриските води. Користење на природни системи на третман за надградба на технологијата на третман на пречистителна станица кај „Езерани“, искористување на постоечките (напуштени) рибници во рамките на „Езерани“ за обезбедување на дополнителен терцијарен третман на отпадните води; Заштита и реставрација на делтата на Голема Река (заради заштита од поплави и подобрување на филтрирањето, пречистувањето на отпадните води пред влезот во Преспанското Езеро).

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Меѓународни финансиски институции / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО ВО ПРЕСПА

Најголеми проблеми со аерозагадувањето во Преспа се: несоодветното погонско гориво на локалната фабрика за цигли, загадувањето на воздухот од горење на отпадот во локалната депонија, загадувањето од земјоделските активности за заштита на јаболковите насади, загадувањето од жителите и правните субјекти во Преспа со несоодветни системи за греење и расфрлување на отпадот на несоодветен начин и загадувањето од индустриските

субјекти (немање на станици за претпретман на отпадот, отпадната вода, неконтролирано и штетно запалување на отпад кај некои субјекти и граѓани). За решавање на овој проблем ќе ги преземеме следните активности:

- Намалување/елиминирање на коксот како гориво во фабриката за цигли за што е потребна и државна помош-измена во законската регулатива;
- Трансформација на депонијата во претоварна станица со што би се елиминирало аеро загадувањето од запалување на депонијата и загадување на подземните води и почвата.
- Осовременување на работата на службата за одржување/заштита на езерото и мониторинг на езерото.
- Детални хидрогеолошки истражувања (подземни води, изворски и проточни води по поземните раседи), во сливот (како дел од програмата за подобрување на наводнувањето) и други сеопфатни мерки за подобрување на водостојот на Преспанското Езеро;
- Контрола на ерозијата со опсежни пошумувања и уредување на приоритетните поројни водотеци во сливот;
- Активности за едукација, подигнување на свеста, јакнење на капацитетите на повеќе нивоа.;
- Активности за збратимување со слични езерски региони од Европа и светот и користење на примери на добра пракса.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / во соработка со меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2024 година.

# ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Гасификацијата и обезбедување на приклучок за гас до секој дом, производствен погон или јавен објект во Преспа доцни и е зависно од политиката на централната власт. Ќе покренеме иницијатива за разгледување и подобрување на состојбата. Освен тоа ќе ги преземеме следните активности:

- Во соработка со донатори, бизнис секторот и општински средства ќе воведеме: субвенции за градење на соларни и фотоволтаични панели, субвенции за изведба на термо фасади, субвенции за обезбедување инвертер - клима уреди; ќе ја довршиме покриеноста со штедливо лед јавно осветлување со што тоа ќе биде 100%;
- Ќе воспоставиме директна соработка и искористиме искуство од општина Крк-Хрватска која е лидер во постигнување на енергетска ефикасност.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.



# 11. МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Покрај земјоделството, туризмот е најзначајната гранка за економски развој на Преспа. Нашата општина поседува значајни природни и културни ресурси за развој на туризмот. Затоа нашата цел е тие подобро да се искористат и преку преземање на разни мерки за стимулирање на инвестициите во туризмот. Приоритет ни се сите видови алтернативен туризам, селскиот, еко-туризам, планинскиот, манастирскиот, ловниот, здравствениот, езерскиот, велосипедскиот и туризмот заснован врз спорт и рекреација во здрава средина. Во периодот на транзиција оваа стопанска гранка претрпе најголем пад и недостасуваат квалитетни туристички капацитети, туристичка инфраструктура и квалитетна туристичка понуда и промоција.

## Е-МААП

Благодарение на проекти на здруженија на граѓани Преспа управува со една квалитетна туристичка веб-страна и две високопрофесионални туристички мобилни апликации: Преспа2Го и Биодиверзитетот на Преспа кои речиси воопшто не се користат. Овие ресурси со помош на граѓанските организации, туристичките субјекти и експерти ќе ги ставиме во функција на туристичката промоција, понуда и продажба.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТА НА ОПШТИНСКО ТУРИСТИЧКО БИРО

Ќе се издвојат средства за основање на туристички инфо центар, во кој обучен општински туристички водич ќе ги запознава туристите со знаменитостите на општината, нејзините економски капацитети како и со останатите информации кои го обликуваат карактерот на Општина Ресен. На тој начин ќе се овозможи активно промовирање на нашата општина како привлечна и интересна дестинација за туристички престој, навремено и квалитетно информирање на гостите-туристи во општината за понудата на локална и традиционална храна, сместувачките капацитети и ту-

ристичките локации. Бирото ќе подготвува, издава и дистрибуира промотивен материјал за Преспа, ќе посредува при организирање на културно-туристички настани, ќе посредува помеѓу локалните понудувачи на туристички услуги, локалната власт и туристите. Паралелно со ова ќе поттикнеме и организираме основање на Туристичка организација на Преспа по примерот на добри пракси од Хрватска и Грција.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ВО СОРАБОТКА СО ВЛАДАТА НА Р.М. ПОДГОТОВКА НА УРБАНИСТИЧКА И ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ПОЧЕТОК НА УРЕДУВАЊЕ И ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ИНВЕСТИТОРИ ВО ДВЕ ТУРИСТИЧКИ РАЗОЈНИ ЗОНИ ВО ПРЕСПА СИРХАН И СТЕЊЕ

**Извор на финансирање:** Буџет на општината /Влада на Р.М.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПРОМОЦИЈА И ПРОДАЖБА НА НОВА ТУРИСТИЧКА ТУРА ВО ПРЕСПА

Преку унапредена соработка на културните, туристичките субјекти, националните паркови и туристичките инфо-центри збогатена промоција, туристичка понуда и продажба - поврзување на културното и природното богатство, туристичка тура од зградата „Сарај“ до островот Голем Град со велосипеди и пловни средства.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПРОМОЦИЈА И ТЕНДЕР ЗА БАРАЊЕ ИНВЕСТИТОР ЗА ИЗГРАДБА НА ТУРИСТИЧКИ КОМПЛЕКС „ФИНСКО СЕЛО“ ВО СЕЛО ДОЛНО ДУПЕНИ

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година

## ПРОМОЦИЈА И ПРОДАЖБА НА МАНАСТИРСКА ТУРА НИЗ ПРЕСПА

Промоција и организација на тура со манастирски туризам во Преспа, врз основа на „Изработената Студија за поврзување и промоција на манастирскиот туризам на Баба Планина" и проектот „Светите води".

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година

## ИЗГРАДБА НА ДВЕ ПОНТОНСКИ ПРИСТАНИШТА НА ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година

## УРЕДУВАЊЕ НА 4 ПРЕСПАНСКИ ПЛАЖИ

Продолжување со уредувањето на плажите на Преспанското Езеро и нивно издавање под концесија со претходно доисполнување на условите општина Ресен да има ингеренции за стопанисување со истите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година

## ЕВИДЕНЦИЈА, РЕГИСТРАЦИЈА, КАТЕГОРИЗАЦИЈА И СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА НА ПРЕСПА

Евиденција, регистрација, категоризација и стандардизација на туристичката понуда, врз база на претходно изработената Студија и Софтверското решение на базата на податоци и ГИС технологија во агротуризмот, проектот Преспа2Го.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година

## ПРОФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЕЗЕРСКИОТ СООБРАЌАЈ НА ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО

Еколошкиот езерски сообраќај со пристаништа прилагодливи на промената на нивото на Преспанското Езеро, искористување на солидниот систем на изградени инфо-центри во Преспа, Мониторинг станицата во село Стење, солидниот брод кој е надвор од употреба веќе две години иако е во исправна состојба за научно-истражувачки но и еко-туристички цели.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година

## ПОДГОТОВКА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА САЕМ ЗА АЛТЕРНАТИВЕН ТУРИЗАМ ВО ПРЕСПА

Поттикнување на партнерство и стиммулативни мерки, ОНЛАЈН Саем на алтернативни форми на туризам; Воспоставување на партнерски односи со европски градови и општини од земји членки на ЕУ исклучиво во функција на користење на средствата од ЕУ фондови.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година



# 12. СПОРТ, МЛАДИ И КУЛТУРА

Досегашната пракса на инвестирање и создавањето на услови за спортување на сите генерации, постојано се докажува како највредна инвестиција корисна за сите генерации. Преку изградбата и реконструкцијата, опремувањето на спортските сали, фудбалските и тениските игралишта, организирањето и субвенционирањето на голем број на спортски настани, поддршката на спортските таленти, директно допринесуваме за правилен психо-физички развој на децата, професионалците и гостите кои ги посетуваат овие содржини. Тоа ни е мотив повеќе да продолжиме понатаму.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА СПОРТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА СПОРТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

- Санирање и ставање во функција на градскиот стадион ,,Христо Татарчев,“ -теренот, соблекувалните, трибините и дворното место - влезот.
- Во соработка со локални бизнисмени, спортски федерации и клубови, реконструкција на постоечките дотраени објекти во Претор, Отешево и Стење, набавка на опрема и нивна пренамена за спортови на вода, пливање, веслање, едрење, комбинирано со издавање на пловни средства и други самофинансирачки активности.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / во соработка со меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ СПОРТ

Наша цел е развивање на спортот во Преспа преку поддршка на постојните спортски клубови и поттикнување за формирање на нови клубови во други разни спортови кои се актуелни помеѓу граѓаните на нашата општина. Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатата цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Поддршка на спортските клубови и друштва од Преспа;

- Организирање на спортски турнири во нашата општина во спортски објекти, во природа и улични турнири;
- Развој на спортови на вода, пливање, веслање, едрење и др. преку обуки, турнири, првенства, кампови;
- Организирање на лига во спортски натпревари на основците од Преспа, рекреативно-спортски екскурзии за основци и средношколци;
- Во договор со туристичките субјекти, невладини организиации, спортски друштва и други субјекти конкретен развој на понуда за спортски туризам во Преспа.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## РАЗВОЈ НА СПОРТОТ НА СЕЛО

За реализација на овој проект ќе ги реализираме следните активности:

- Поддршка во реконструкции на спортски терени во 5 села во Преспа;
- Поддршка на напревар во старински спортови и народни игри во село Брајчино и Љубојно за време на традиционалните Илинденски средби во Љубојно;
- Промовирање, практикување на планинарење, искачување на карпи, адреналински спортови во три крајезерски села на Преспа

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.



# 13. КУЛТУРА

## НЕГУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Во доменот на култура во нашата општина делуваат повеќе културни институции кои имаат потреба од поддршка и осовременување за нивно понатамошно делување. Дејноста ќе ја организираме врз основа за нова Стратегија за развој на културата во општина Ресен со Акционен план и поквалитетна Програма за културни активности што се финансираат од буџет на Општина Ресен која има за цели, нашата општина да ги задоволи културните потреби на граѓаните, да го сочува и афирмира материјалното и духовното културно наследство на Преспа и културниот идентитет на Преспа и да ги презентира и афирмира творците и интерпретаторите на културата.

## КУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ КОИ ЌЕ СЕ ФИНАНСИРААТ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

- Организација и поддршка на традиционални манифестации и други настани од културата: („Преспански јаболкобер“, ,,Актерот на Европа“, ,,Прославување на Иванден“, и ,,Велигденски хепенинг“);
- Поддршка на Здруженија на граѓани од општината во реализација на програми од областа на културата од значење на Општина Ресен;
- Подршка на локални институции од културата,
- Подршка на културата преку инвестиции.

### РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕВИТАЛИЗАЦИЈА И ДОИЗГРАДБА НА КОМУНИКАЦИИТЕ ДО ЗНАЧАЈНИТЕ САКРАЛНИ ОБЈЕКТИ ВО СЕЛО КУРБИНОВО И ГРНЧАРИ

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / во соработка со меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## АДАПТАЦИЈА И САНАЦИЈА НА ПРОСТОРИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА КУЛТУРНИ НАСТАНИ

Поорганизирано и поквалитетно ставање во употреба на објекти и простори за изведување на културни програми, кино салата, амфитеатарот и амбиентални културни сцени во Претор, Сливница и Отешево.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## МЛАДИНСКИ ЕДУКАТИВЕН КАМП

Организирање на едукативен младински камп за: менаџмент во културата; индустрии на културата и развој на општината преку културата со користење на квалитетни општински стратегии. Производ на овој камп ќе бидат три проекти од областа на културата.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## СТАРАТА РЕСЕНСКА ЧАРШИЈА КАКО СЦЕНА ЗА КУЛТУРЕН НАСТАН И ДЕМОНСТРАЦИЈА НА СТАРИНСКИ ЗАНАЕТИ

Проект со кој се афирмира „Старата ресенска чаршија како сцена на културни настани и демонстрирање на старински занаети".

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023, 2024, 2025 традиционално секоја година.

## „ФОЛКЛОРНА ПРОМЕНАДА" ОД КРСТОТ ВО СЕЛО ПОДМОЧАНИ ДО ПРЕТОР

Проект „Фолклорна променада" од крстот до Претор, во соработка со најголемиот приватен Етно музеј на Јоне Ефтимовски во село Подмочани и КУД „Таше Милошевски," од Ресен.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / централна власт.

**Рок на реализација:** 2023, 2024, 2025 година.

## „НА БРАНОВИТЕ НА СЕРЕНАДАТА"

Проект „На брановите на серенадата," на атрактивна водена сцена и пловни објекти во соработка со здружението „Преспански славеј," од село Наколец, КУД „Кардешлик," од Ресен и следбениците на „Распеани ресенчани".

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** секоја година 2022, 2023...



# 14. СОЦИЈАЛНА, ЗДРАВСТВЕНА И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Во оваа област наша основна цел е подобрување на социјалната положба на сите граѓани на Општина Ресен. Други цели се надминување на социјалнните ризици на кои се изложени граѓаните на Преспа, пред се намалување на сиромаштијата, помагање на постари луѓе, како и намалување на лицата погодени од пороците на современото општество.

## СТИМУЛИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗАШТИТНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Стимулирање на локалните претпријатија за регистрација во Регистарот на заштитни претпријатија, со помош на Владата на Р.М.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ОТВОРАЊЕ НА СОВЕТУВАЛИШТЕ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ДРОГА

Отворање на Советувалиште за превенција од дрога и други психотропни супстанци за учениците од основните и средното училиште, со поддршка на централната власт.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / централна власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ФОРМИРАЊЕ НА СЛУЖБА ЗА ДНЕВНА ПОМОШ ВО ДОМОВИТЕ НА СТАРИ ЛИЦА

Формирање на служба за дневна помош во домовите на стари лица во градот и селата.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / централна власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## РЕНОВИРАЊЕ НА ПОРАНЕШНИОТ СТАРСКИ ДОМ ВО РЕСЕН

Проект со кој ќе се аплицира за добивање на ИПА Проект од прекуграничната компонента за реновирање на поранешниот Старски дом во кој сега се сместени семејства со ниски лични примања и социјални случаи.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / централна власт / Донатори

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

За реализација на овој проект ги предвидуваме следните активности:

- Парични права од социјална заштита: еднократна парична помош; развивање на социјални услуги; и детска заштита:
- Обезбедување на пристапни рампи на сите јавни објекти во градот, паркинг места и прилагодување на тротоарите за безбедно и непречено движење на лицето со попреченост;
- Креирање и реализација на проекти со кои ќе се подобри состојбата со условите за живеење на лица со ниски лични примања и млади брачни парови;
- Јавни работи со ангажирање на невработени лица корисници на право на ГМП преку јавната установа Центар за социјални работи Ресен;
- Организирање на саем за поврзување на работодавачите и невработените лица од Општина Ресен;
- Поддршка од Општина Ресен за градење на социјални станови и домови за стари лица.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / централна власт / донатори

**Рок на реализација:** 2022, 2023, 2024, 2025 перманентно.

# ЗДРАВСТВО

Ставање на сите капацитети на локалната самоуправа во борба за превенција и заштита од пандемијата предизвикана од корона вирусот

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

- ### ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ПРИ НАБАВКА НА НЕОПХОДНА ОПРЕМА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ РЕСЕН.

  **Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

  **Рок на реализација:** 2023 година.

- ### ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПОВЕЌЕ ТРИБИНИ СО РАЗНИ ЦЕЛНИ ГРУПИ НА КОИ ОД СТРАНА НА СТРУЧНИ МЕДИЦИНСКИ ЛИЦА ЌЕ ИМ БИДАТ ПРЕЗЕНТИРАНИ ОПРЕДЕЛЕНИ ЗАБОЛУВАЊА, НИВНА ПРЕВЕНЦИЈА И ЛЕКУВАЊЕ, СЕ СО ЦЕЛ НИВНО СПРЕЧУВАЊЕ И НАВРЕМЕНО ЛЕКУВАЊЕ.

  **Извор на финансирање:** Буџет на општината.

  **Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

- ### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПРОСТОРИИ И НАБАВКА НА ОПРЕМА ЗА ПРОТИВПОЖАРНАТА СЛУЖБА

  **Извор на финансирање:** Буџет на општината.

  **Рок на реализација:** 2023 година.

- ### ОБНОВУВАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ ХИДРАНТНИ МЕСТА ВО ОПШТИНАТА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПОЖАРНАТА

  Со проектот се предвидува обнова, но и поставување на нови хидрантни места во општината со што ќе се зголеми ефикасноста на ТППЕ.

  **Извор на финансирање:** Буџет на општина / меѓународни финансиски институции.

  **Рок на реализација:** 2023 година.



# 15. ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Унапредување на овоштарството, особено на јаболковото производство, неговата промоција и пласман е приоритет број еден во земјоделството.

Акцент ќе ставиме на здружување на ресурсите на индивидуалните земјоделци, земјоделските здруженија и задруги, претпријатијата - преработувачите на овошје и зеленчук, трговците, земјоделските аптеки, научните институции, експерти, донатори и владини институции. Најголема помош очекуваме од државните мерки за освојување на нови пазари, насочување на државната поддршка во земјоделството во градобијни системи, ладилници, инфраструктурни зафати за диверзификација на земјоделското производство и преработки. Исто така ќе предложиме мерки за изнаоѓање начин за прогласување на јаболкото за стратешки приоизвод и негова загарантирана цена. Ќе побараме измена во националните мерки за субвенции, наместо по хектар засадена површина да бидат по килограм продадено јаболко кај регистриран откупувач за домашен пазар и за извоз. На конзумното и второкласното јабоко во еден дел ќе им пристапиме интегрирано со користење на државна, донаторска, експертска помош и поорганизирано и иновативно користење на локалните ресурси од кластерот на јаболковото производство, преработка, промоција и продажба.

Ќе поттикнуваме, насочуваме и поддржуваме одгледување на други овошни и градинарки култури, развој на сточарство и рибарство. Како особен недоволно искористен потенцијал од кој во седумдесеттите години од минатиот век егзистираа 70 семејства ќе го поддржиме и развиваме развојот на рибарството и промоција на вториот преспански бренд – преспанскиот крап.

## ЈАБОЛКОТО ВО ЛАНЕЦОТ НА ЦИРКУЛАРНАТА ЕКОНОМИЈА

Изградба и отпочнување со работа на нови Стопански комплекси за откуп, складирање, преработка и дистрибуција на земјоделски производи во соработка со новата Влада на Р.М.; приватни компании и донатори. Развој на индустрија базирана на јаболкото со здружување на локалните, националните ресурси, соработка со европски овоштарски региони и користење на светска експертиза

унапредување на производството, преработката на јаболкото, негова подобра промоција и пласман.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ИНИЦИЈАТИВА И ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ИНСТИТУТ ЗА ОВОШТАРСТВО ВО РЕСЕН

Иницијатива и почетни активности за основање на институт за преспанското јаболко, со конкретна програма за работа во која помеѓу другото ќе се предвиди поддршка во осовременување на работата на агрохемиската и педолошка лабораторија во Ресен и поддршка на мрежата од агро-метереолошки станици поврзани со софтвер на база со секој земјоделец (корисник) и советодавна служба.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ПОДДРШКА НА ИЗГРАДБА НА ДВА НОВИ ОТКУПНИ ЦЕНТРИ ЗА ОВОШЈЕ

Поддршка за изградба на два нови откупни центри со капацитет од над 3000 тони овошје. Давање на специјални поволности за изградба на откупувачки и преработувачки капацитети за зеленчук и овошје, како на пример, ослободување на комуналии за градба и други трошоци кои би ги имале при изградбата на капацитетите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СЕЛСКИТЕ - ПОЛСКИ ПАТИШТА.

Изработка на програма за одржување на селските - полски патишта на територијата на Општина Ресен.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## РЕДОВНО ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА РЕЧНИТЕ КОРИТА ВО ОПШТИНА РЕСЕН

Редовно чистење и одржување на речните корита со цел да не доаѓа до излевање на реките и правење штета на земјоделските површини.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## СТРАТЕГИЈА И ПЛАН ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТРЕТМАНОТ НА ИНДУСТРИСКОТО ЈАБОЛКО

Во оваа стратегија ги имаме разработено можностите за поддршка и развој на мали бизниси по моделот од Германија, Полска и Италија.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРЕСПАНСКИ ЈАБОЛКОБЕР ЗА „ЈАБОЛКАРИТЕ“

Најголемата стопанска и културна манифестација – „Преспанскиот јаболкобер“, ќе го организираме со активности од кои ќе има конкретен бенефит јаболко-производителот од Преспа со презентација на родот, промоција на регионот и соработка со развиени овоштарски региони и пласман на тековното производство.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022, 2023, 2024 перманентно секоја година.

## ИНИЦИЈАТИВА И ПРОЕКТ ЗА СТАЦИОНАР ЗА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ

Проект за изградба на Локален стационар за животни скитници и соработка со регионални центри кои ќе ги опслужуваат сите околни градови во радиус од 50 км. Програма со конкретни мерки за подобрување на состојбата со животните скитници во Преспа.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

1893 - 1990

ВМРО-ДПМНЕ

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*